Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0202-232/2
26.02. 2019 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од осмата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 26 февруари, 2019 г.

ЗАПИСНИК

Од 8-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 26 февруари, 2019 г.

**Присутни**:

Петре Шилегов - Претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, Висар Ганиу - Потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на општина Чаир, Теута Арифи - градоначалник на општина Тетово, Аљбон Џемаили - градоначалник на општина Боговиње, Медат Куртовски - градоначалник на општина Маврово и Ростуше, Жика Стојановски – градоначалник на општина Илинден, Фатмир Дехари – градоначалник на општина Кичево, Ивица Тошевски – градоначалник на општина Ранковце, Наташа Петровска – градоначалник на општина Битола, Благој Бочварски - градоначалник на општина Штип, Стефан Богоев - градоначалник на општина Карпош, Коста Јаневски - градоначалник на општина Струмица, Миликије Халими- градоначалник на општина Арачиново, Саша Богдановиќ- градоначалник на општина Центар, Сашо Поцков - градоначалник на општина Гевгелија, Илија Јованоски - Претседател на Надзорен одбор и градоначалник на општина Прилеп, Тони Бојковски - Член на Комитетот на совети и Претседател на совет на општина Гази Баба.

**Дискусија**:

Со поканата за оваа седница до членовите на Управниот одбор беше доставен следниот предлог:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка со АДКОМ;
2. Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка со Сојуз на стопански комори на Македонија – ССКМ;
3. Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје за проектот „Безбедни семејни паркинг зони";
4. Разгледување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност";
5. Разгледување на предлогот на Закон за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти;
6. Разгледување на барање од општина Куманово и Кочани околу новите измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиуми;
7. Разгледување на дописот од страна на Македонски шуми околу расположливоста со садници;
8. Разгледување на информацијата од Владата на РСМ за постапување согласно новите измени на Уставот;

9. Разгледување на барање од ССКМ околу Законот за трговија на зелени пазари;
10. Информација за предлог модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Северна Македонија;
11. Разно

Редоследот на точките на дневниот ред беше изменет, по што присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС едногласно го изгласаа и расправаа по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување на предлогот на Закон за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти;
2. Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка со АДКОМ;
3.Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка со Сојуз на стопански комори на Македонија – ССКМ;
4.Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка со Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје за проектот „Безбедни семејни паркинг зони";
5. Разгледување на барање од општина Куманово и Кочани околу новите измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиуми;
6. Разгледување на дописот од страна на Македонски шуми околу расположливоста со садници;
7.Разгледување на информацијата од Владата на РСМ за постапување согласно новите измени на Уставот;
8.Разгледување на барање од ССКМ околу Законот за трговија на зелени пазари;
9. Информација за предлог модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Северна Македонија;
10. Разгледување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност";
11.Разно

**ПРВА ТОЧКА: Разгледување на предлогот на Закон за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти;**

Од страна на Министерството за транспорт и врски до ЗЕЛС на разгледување беше доставен предлог на Закон за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти. Предмет на Законот се превидува да бидат објектите кои претставуваат градежна и функционална целина заклучно со 31 декември 2018 година. Предвидено е да се плаќа надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти со висина два пати поголема од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште кој се пресметува во постапката за добивање на одобрение за градење. Исто така се предвидува дека надлежните органи по службена должност обезбедуваат

извадок од дигитална снимка заради утврдување дали бесправниот објект кој е предмет на утврдување на правен статус е евидентиран на истата.
Присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС поведоа обемна дискусија заради утврдување на заеднички став по ова прашање. Имено, беше изразено незадоволство од причина што текстот на предложениот Закон е изготвен еднострано, односно единиците на локалната самоуправа како директни спроведувачи на овие законски одредби се консултирани само да дадат сопствени забелешки, по изготвувањето на текстот, а кои забелешки често не се земени во предвид согласно досегашната пракса.

Беа изнесени ставови во однос на тоа дека по ова прашање мора да биде воведен ред, бидејќи дадената можност за утврдување на правен статус на нелегално изградените објекти масовно се злоупотребува. Оние кои граделе незаконски треба дефинитивно да бидат казнети преку плаќање на зголемен надоместок, но потребно е да се внимава на процентот на зголемување на надоместокот, со цел да се избегне создавање на нов проблем. Се размислуваше и во насока на преземање порадикални мерки како конфискација на бесправно изградените објекти.

Се дискутираше и за предложеното решение за употреба на дигитална снимка за утврдување на постоење на одреден објект и за потреба од прецизирање на овие одредби.

Исто така беше истакнато дека овој процес мора да биде затворен на начин поволен за сите страни, бидејќи од една страна рушењето на нелегално изградените објекти за кои не е поднесено барање за утврдување на правен статус произведува директни финансиски импликации врз единиците на локалната самоуправа, а од друга страна оние кои граделе на совесен и законски начин и платиле полна цена за истото, се ставени во понеповолна положба преку плаќање на поголеми давачки, отколку оние кои граделе спротивно на законот. Како пример од праксата беше наведено дека на нелегален начин се изградени дури и цели населби, за кои објекти потоа се поднесува барање за утврдување на правен статус, а општините се должни да инвестираат и да обезбедат соодветна инфраструктура, што директно би можело да се одрази на урбанистичкото планирање и идниот развој на општините.

Беа изнесени и мислења околу тоа дека овој процес мора да биде спроведен и со помош од централната власт, во насока на тоа дека доколку се произведат социјални случаи и онаму каде што има ранливи категории на лица, за истите треба да се погрижи државата, или финансирањето на рушењето на нелегализираните објекти да го преземе централната власт, односно заеднички да се спроведе овој процес и успешно да се стави крај на истиот. Дополнително во врска со рушењето на бесправно изградените објекти, особено помалите општини, беше изнесено дека се јавува проблем при спроведување на јавни набавки од овој тип, бидејќи нема заинтересирани понудувачи.

Беше посочено дека треба да се внимава на зоните со зголемен ризик бидејќи на тие места незаконски се градат објекти, па покрај предвидената документација за

спроведување на постапка за утврдување на статус на бесправни објекти, во законските одреди да биде предвиден и елаборат за посебни намени. Беше истакната и потреба од мапирање на овие зони.

Понатаму беа истакнати и ставови дека руралните општини имаат проблем околу носењето на урбанистичките планови. Беше истакнато дека не може да се најде единствено, унифицирано и идеално решение, по однос на овој проблем, што може да ги задоволи потребите на сите од причина што сите општини се различни по големина, развој, со различни проблеми и потреби. Посочено беше и дека треба да се направи јасна дистинкција помеѓу незаконски изградените објекти за домување, и оние објекти изградени за комерцијална употреба, врз основа на кои се заработуваат големи профити.

Согласно информацијата за процес на подготовка на нов Закон за градење, беше даден и предлог како можно решение, наместо носење на нов Закон за утврдување правен статус на бесправни објекти, да се утврди посебна глава во Законот за градење која ќе се однесува на оваа тематика, односно која би регулирала можност да се утврди правен статус за веќе нелегално изградените објекти, а кои општините можат да ги вклопат во планската докуемнтација, односно да не се наоѓаат во забранети и заштитени зони, за истото да биде платен полн износ на надоместокот за уредување на градежно земјиште зголемен за одреден процент кој дополнително ќе се утврди, како своевидна казна, а во спротивно општините ќе бидат приморани да ги рушат таквите објекти или да се изврши нивно одземање. Исто така да не постојат временски ограничувања како фактор за утврдувње на статусот на бепсравно изградените објекти, бидејќи така се стимлура незаконското градење. На тој начин би се ставило крај на процесот на легализација, особено на начинот на кој се одвиваше до сега.

По овој предлог се поведе дискусија околу потреба за формирање на работна група во која свои претставници би имале ЗЕЛС и Министерството за транспорт и врски, на кој начин заеднички би се работело на наоѓање на најдобар модул за справување со состојбата со нелегално изградените објекти и нивно вклопување во правниот систем.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС го разгледа предложениот Закон за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти изготвен од страна на Министерството за транспорт и врски и донесе заклучок да се формира работна група составена од: Благој Бочварски- градоначалник на општина Штип, Стефан Богоев - градоначалник на општина Карпош, Саша Богдановиќ - градоначалник на општина Центар, Висар Ганиу - Потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на општина Чаир и Аце Коцевски - градоначалник на општина Велес.

Работната група ќе биде задолжена заедно со Министерството за транспорт и врски да изработи соодветен текст за законско регулирање на утврдувањето на статус на бесправните објекти, кој текст не мора да претставува посебен закон, туку вклопување на фактичката состојба во постојната регулатива, а во кој ќе биде содржано барањето за плаќање на полн износ на надоместокот за уредување на градежно земјиште зголемен за одреден процент кој дополнително ќе биде утврден.

**ВТОРА ТОЧКА: Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка со АДКОМ;**

На членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС во материјалите за седницата им беше доставен предлог на Меморандум за разбирање за координација на активностите во секторот водни услуги (водоснабдување, одведување и третман на отпадните води) во Републиката, со АДКОМ, како и Регулаорната комисија за енергетика и проектот „Регионална мрежа за јакнење на капацититети во секторот водни услуги", како партнери.

Целта на склучување на овој Меморандум е да се да обезбеди основа за продолжување на заедничките напори на партнерите за зголемување на ефикасноста и квалитетот на водните услуги во Републиката, преку заедничка координација, потикнување и одржување на редовна размена на информации, соработка и усогласување на заеднички систематизирани ставови за подобрување на условите за работа во секторот.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои текстот на предложениот Меморандум за разбирање за координација на активностите во секторот водни услуги (водоснабдување, одведување и третман на отпадните води) во Републиката, со АДКОМ и заклучи истиот да биде склучен.

**ТРЕТА ТОЧКА: Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка со Сојуз на стопански комори на Македонија – ССКМ;**

На членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС со материјалите за седницата им беше доставен предлог Меморандум за соработка со Сојуз на стопански комори на Македонија – ССКМ, чија цел е остварување активна соработка за поддршка на општините во искористување на средства од меѓународни фондови, како и директно поврзување на општините и компаниите кои делуваат на територија на истите за унапредување на локален економски развој.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои текстот на предложениот Меморандум за соработка со Сојуз на стопански комори на Македонија – ССКМ и заклучи истиот да биде склучен.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Разгледување на текстот на предложениот Меморандум за соработка Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје за проектот „Безбедни семејни паркинг зони";**

Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, накратко го образложи предложениот Меморандум за соработка со АМСМ Скопје за проектот „Безбедни семејни паркинг зони". Целта на овој Меморандум е активна поддршка на проектот „Безбедни семејни паркинг зони" наменет за менување на јавната инфраструктура во однос на паркинг места на паркинзите во град Скопје и општините, односно обележување на посебни места за паркирање за бремени жени и родители на деца до три годишна возраст и посочи дека истиот нема да има финансиски импликации врз ЗЕЛС.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС го усвои текстот на предложениот Меморандум за соработка со АМСМ Скопје за проектот „Безбедни семејни паркинг зони" и заклучи истиот да биде склучен.

**ПЕТТА ТОЧКА: Разгледување на барање од општина Куманово и Кочани околу новите измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиуми;**

До ЗЕЛС од страна на општина Куманово и општина Кочани пристигнаа барања во врска со новите измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои се предвидува државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост да не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери, односно се забранува единиците на локалната самоуправа да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери, наспроти претходните законски одредби кои дозволуваа планирање на средства во буџетот на општината за информирање и запознавање на јавноста со своите услуги или активности.

Исто така се превидува веќе склучените договори по овој основ да се применуваат до истекот на нивната важност, а потоа работењето треба да се усогласи согласно погоре наведените законски измени.

Како што се наведува во барањата на општина Куманово и на општина Кочани, настануваат проблеми при примената на овие законски измени, од причини што согласно Законот за локална самоуправа општините се должни, без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината, како и да им овозможат на граѓаните пристап кон основните информации за услугите што ги обезбедуваат, а од друга страна согласно

наведените законски измени, општините немаат можност да склучуваат договори со приватни радиодифузери, за емитување на седниците на Советот на општината, како и за соопштенија за граѓаните и информирање за  своите услуги кон граѓаните. Овие законски измени се косат со односните одредбите од Законот за локалната самоуправа, како и со должноста за транспарентност во работењето на локалната самоуправа, и потребно е иницирање на нивно изменување.

Присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС поведоа дискусија дека со ова законско решение покрај проблемот околу информирањето за нивното работење, пред се информирање за проблеми и информации кои се од типично локално значење, истото ќе произведе импликации врз локалните медиуми, односно нивно затворање. Беа изнесени предлози за излез од ваквата ситуација преку склучување на договори со портали, како и информација за можно изземање на единиците на локалната самоуправа од овие законски одредби.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС ги разгледа барањата на општина Куманово и општина Кочани и бара од надлежните институции измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот на информирање и запознавање на јавноста за услуги или активности на единиците на локалната самоуправа, преку приватни радиодифузери.

**ШЕСТА ТОЧКА: Разгледување на дописот од страна на Македонски шуми околу расположливоста со садници;**

Јавното претрпијатие за стопанисување со шуми– ЈП Македонски шуми се обрати до ЗЕЛС, во врска со заклучок од седница  на Владата, каде се задолжуваат министерствата и органите во нивен состав и другите органи на државната управа, а се укажува на сите јавни претпријатија, агенции, фондови, единиците на локалната самоуправа да спроведат најмалку по една акција за борба против аерозагадувањето и заштита на животната средина.  Во таа насока информираат за расположливоста на ЈП Македонски шуми со расадници за производство на шумски и дендродекоративен посадочен материјал, наменет за извршување на шумскоодгледни работи - пошумување, санирање на опожарени површини, мелорација на деградирани шуми и шикари и оплеменување на површини во урбани средини.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС ја задолжува стручната служба на ЗЕЛС да ги информира сите единици на локалната самоуправа за расположливоста на ЈП Македонски шуми со садници.

**СЕДМА ТОЧКА: Разгледување на информацијата од Владата на РСМ за постапување согласно новите измени на Уставот;**

Присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС ги разгледаа заклучоците донесени од Владата, во врска со извештајот на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите

817(1993) и 845 (1993) на Советот на безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, а се однесуваат на името на Републиката. Со овие заклучоци се задолжуваат, им се укажува и препорачува на сите институции да извршат соодветна промена на сите дигитални запсиси ( меморандуми, логоа, електорнски комуникации, веб – страни, медиуми итн), промена на меморандумите, печатените материјали, папките, индикаторите, а да се имаат во предвид при спроведување на овие измени и одредбите од Законот за употреба на јазиците.

Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ истакна дека овие заклучоци се однесуваат и на ЗЕЛС и дека треба да се извршат соодветни измени, а за нивна реализација потребна е соодветна одлука.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе заклучок да се упати информацијата од Владата на Република Северна Македонија за постапување согласно измените на Уставот до сите единици на локалната самоуправа со препорака да постапат согласно наводите, а го задолжи Извршниот директор на ЗЕЛС во документацијата на ЗЕЛС да постапи согласно извршените уставни измени.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор на ЗЕЛС донесе одлука за усогласување на називот на ЗЕЛС со Уставот на Република Северна Македонија и негово користење, до усвојување на Одлука за изменување и дополнување на Сатутот на Заедницата заради усогласување на називот на Заедницата со Уставот на Република Северна Македонија и негова употреба, чие носење е во исклучива надлежност на Генералното Собрание на ЗЕЛС и му предлага на Генералното Собрание на ЗЕЛС истата да ја донесе на својата наредна седница.

**ОСМА ТОЧКА: Разгледување на барање од ССКМ околу Законот за трговија на зелени пазари;**

Стопанската комора на Македонија се обрати до ЗЕЛС во врска со Барање на Групацијата на пазари во рамките на Здружениото на комуналните дејности. Имено, станува збор за состојбите во трговијата на мало на тезги и пазари, а во врска со примената на новиот Закон за трговија на зелени пазари, со оцена дека примената на наведениот закон го доведува во прашање опстанувањето на зелените пазари и потребно е итно негово укинување или одлагање на примената на истиот, до донесување на прифатливи законски решенија, а во консултација со сите засегнати страни.

„Заради ригидните одредби на Законот, неможноста да тргуваат пензионери, вработени лица или лица кои по други основи примаат надоместоци, како и заради дополнителните давачки кои се воведуваат за трговците на зелени пазари, голем дел од закупците на тезги нема да можат да продолжат да ја вршат дејноста согласно овој Закон. Исто така наведените ограничувања би можеле да предизивкаат и зголемување

на „ сивата“ економија преку трговија на нерегистрирани продажни места, што е спротивно на интенцијата на законодавецот за регулирање на трговијата на зелените пазари“, се вели во Барањето. Воедно се бара поддршка од ЗЕЛС на ова барање на Групацијата.

По оваа точка беше поведена дискусија околу тоа дека ваквите законски одредби ќе придонесат за создавање на дополнителни социјални случаи, како на пример кај оние случаи каде примањата по основ на пензија се премногу ниски, но и дека општините не се во можност да ги решаваат социјалните случаи во сите сегменти. Од друга страна се дискутираше и за тоа дека организаторот на пазарот има право да го организира и уреди просторот по одредени стандарди и има право да наплати соодветен надоместок. Се водеше дискусија во насока на тоа дека ова прашање најмногу ги засега оние општини каде тие самите се наоѓаат во улога на организатори на пазари.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС го поддржува процесот на усогласување на ставовите, помеѓу Стопанската комора на Македонија, организаторите на пазарите и Комора на трговци, односно сите засегнати страни, по однос на законското регулирање на трговијата на зелените пазари.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Информација за предлог модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Северна Македонија;**

Од страна на Министерството за економија до ЗЕЛС беше доставена Информација за предлог модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Републиката, во која се наведува дека најдобар модел за развој на систем за дистрибуција на природен гас е по пат на договор за воспоставување на јавно приоватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивен систем за природен гас на територијата на Републиката, а онаму каде што постојоат дистрибутивни системи или одделни општини имаат план да основаат јавно претпријатие дополнително да се утврди во тендерската документација. Оваа информација е веќе усвоена од страна на Владата.

По оваа точка беше поведена дискусија во насока на тоа дека за развојот на систем за дистрибуција на природен гас во Републиката, не може да биде наметнато единствено предлог- решение, од причина што некаде е започнат процесот на гасификација, некаде проблемот ќе се решава преку склучување на јавно-приватно партнерство, а некаде преку здружување, како што е случај на територијата на градот Скопје. Беше посочено дека оваа проблематика е во надлежност на општините.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа информацијата за предлог модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас и заклучи дека дејноста на гасификација претставува законско право на единиците на локалната самоуправа и согласно тоа истите можат да креираат сопствена политика во однос на регулирање на ова прашање.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Разгледување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност;**

Извршниот директор на ЗЕЛС Душица Перишиќ истакна дека по доставено барање за мислење до ЗЕЛС од страна на Министерството за транспорт и врски, по однос на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност, и по известување на сите единици на локалната самоуправа до ЗЕЛС пристигнаа забелешки од страна на одредени општини кои меѓусебно се разликуваат, од аспект на тоа што некаде се бара зголемување на цената, некаде намалување и тоа за различна намена на објекти.

Присутните членови на Упавниот одбор на ЗЕЛС дискутираа во насока на тоа дека сите општини не може да бидат ставени во една иста рамка и дека по однос на ова прашање потребно е да се изврши категоризација на општините по повеќе основи. Дискутираа дека оваа Уредба треба посериозно да се разгледа и секоја општина засебно да произнесе свои ставови, кои ќе бидат изнесени пред Министерството за транспорт и врски.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС заклучи дека е потребно сите единици на локалната самоуправа да ја разгледаат Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност, да произнесат свои ставови и доколку е потребно истите да бидат иснесени и дискутирани пред Министерството за транспорт и врски, од страна на веќе формираната работбна група задолжена за изготвување на законски текст за регулирање на правен статус на бесправно изградените објекти.

**РАЗНО**

По оваа точка членовите на Управниот Одбор на ЗЕЛС немаа дополнителни предлози.

Скопје, 26 февруари, 2019 г.

Составил:

Стручната служба на ЗЕЛС